Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2023.01.12 09:38:49 +01'00'

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ број 24/2019 од 01.02.2019 година"), а согласно Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и прва измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда и втора измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/3 од 30.08.2022 година и трета измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/4 од 07.12.2022 година, министерот за правда д-р Никола Тупанчески ја донесе следната:

## ОДЛУКА
За измена на Одлуката за Набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители

1. Се врши измена на точката 2 од Одлуката за Набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители заведена под број 05-1960/2 од 14.12.2022 година на начин што се менува износот на проценетата вредност на набавката и истата ќе гласи:

„ За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 99.500,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 17.910,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 117.410,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

2.Во останатиот дел Одлуката за Набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители заведена под број 05-1960/2 од 14.12.2022 година останува непроменета.

### Образложение

Министерството за правда со Одлуката за набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители заведена под број 05-1960/2 од 14.12.2022 година спроведе постапка за набавка од мала вредност согласно член 48 од Законот за јавните набавки.
По спроведена постапка преку ЕСЈН најниската добиена цена е со износ од 99.500,00 денари без вклучен ДДВ.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Со оглед на тоа што не се преминува во друга постапка согласно Законот за јавните набавки, а предметната набавката е неопходна и бидејќи има финансиски средства во буџетот на Министерството за правда за оваа набавка се врши дообезбедување на финансиски средства во износ од 9.500,00 денари без ДДВ.
Проценетата вредност на набавката ќе изнесува од 99.500,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 17.910,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 117.410,00 денари.

Согласно наведеното се врши измена на Одлуката за набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители заведена под број 05-1960/2 од 14.12.2022 година.

Одлучено во Министерството за правда, по спроведената постапка за набавка од мала вредност објавена со оглас број 22123/2022.

**Правна поука: Против Одлуката за избор на најповолен понудувач може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија.**

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**д-р Никола Тупанчески**

Доставено до:
- Комисијата за јавни набавки
- Одделение за јавните набавки

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification